СОВЕТ ЗА РАДИОДИФУЗИЈА НА РМ

# ИЗВЕШТАЈ

**за работата на Советот за радиодифузија на Република Македонија за периодот од 01.01.2006 до 31.12.2006 година**

**Скопје, 30 март 2007 година**

***Содржина:***


| | | |
|---|---|---|
| 1. | Вовед | стр. 1 |
| 2. | Избор на нов состав на Советот за радиодифузија | стр. 2 |
| 3. | Усогласување на договорите за концесија за вршење радиодифузна дејност | стр. 2 |
| 4. | Стратегија за развој на радиодифузната дејност | стр. 3 |
| 5. | Радиодифузна регулатива | стр. 6 |
| 6. | Надзор врз спроведувањето на програмските обврски на радиодиодифузерите | стр.11 |
| 7. | Јавни комуникациски мрежи | стр.21 |
| 8. | Економско работење на радиодифузерите | стр.25 |
| 9. | Финансирање радио и телевизиски програми од јавен интерес | стр.29 |
| 10. | Трансформација на јавните радиодифузни претпријатија на локално ниво | стр.31 |
| 11. | Соработка со други регулаторни тела, надлежни институции и организации од земјата | стр.32 |
| 12. | Меѓународна соработка | стр.34 |
| 13. | Акти за внатрешна организација на Советот за радиодифузија | стр.37 |
| 14. | Други активности  на Советот | стр.38 |
| 15. | Јавност во работењето на Советот | стр.40 |
| 16. | Материјално-финансиско работење на Советот, кадровски и технички ресурси | стр.41 |

# 1. ВОВЕД

Осмиот извештај на Советот за радиодифузија се однесува на периодот од 1-ви јануари 2006 до 31 декември 2006 година. Клучно обележје на активностите на Советот во овој период беше **ефикасната имплементација на новиот Закон за радиодифузната дејност**, кој според оценката на Европската комисија "... е главно усогласен со европските стандарди за медиумите и аудиовизиелното acquis..."[1]. За таа цел, веднаш по влегувањето во сила на Законот, Советот за радиодифузија одржа јавна седница на која усвои посебен План за имплементација на Законот.

На 27 април е одржана конститутивна седница на **новиот состав на Советот за радиодифузија**, чии членови се избрани според одредбите на новиот Закон, на предлог на овластените предлагачи. Советот усвои нов Деловник за работа и Кодекс за однесување на членовите на Советот и на вработените во Стручната служба.

Прва активност што ја спроведе новиот состав на Советот беше **трансформацијата на локалните јавни радиодифузни претпријатија**. Врз основа на резултатите од сеопфатната анализа, на 29 мај Советот одржа јавна седница на која донесе одлуки за трансформација на локалните јавни радиодифузери.

Во 2006 година, врз основа на опсежни јавни консултации, Советот за радиодифузија ги донесе речиси сите предвидени **подзаконски акти** неопходни за ефикасна примена на Законот во праксата.

На предлог на Советот, Собранието ја усвои Одлуката за рамноправен пристап во медиумското претставување за изборите за пратеници во Собранието на РМ во 2006 година, а од 15 јуни до 5 јули 2006 година, беше реализиран **мониторингот на медиумското покривање на изборите** на сите радио и телевизиски програмски сервиси на државно и на локално ниво.

Врз основа на редовниот **надзор врз програмите на радиодифузерите**, спроведен во текот на 2006 година, констатирани се низа прекршувања на законските одредби за програмските стандарди и за правилата за рекламирање и спонзорство, врз основа на што се изречени голем број мерки (писмени опомени, барања за инспекциски надзор и барања за поведување прекршочни постапки).

Советот вршеше **надзор и врз програмските пакети на јавните комуникациски мрежи**, врз основа на што беа констатирани поголем број прекршувања на Законот во поглед на регистрацијата на програмските пакети, регулирањето на авторските и сродни права и реемитувањето порнографски содржини, поради што беа изречени соодветни мерки (налози за исклучување, барања за инспекциски надзор и барања за поведување прекршочни постапки).

Во текот на 2006 беа завршени најголем од подготовките за изработка на **Стратегијата за развој на радиодифузната дејност**, што како обврска на Советот произлегува од член 22 од Законот. Во декември, со поддршка на Европската комисија (TAIEX), беше реализирана експертска мисија за поддршка на Советот во изработката на Стратегијата, врз основа која се утврдени конечниот концепт и временската рамка за изработка на Стратегијата.

Во овој период беа завршени и подготовките за усогласувањето на договорите за концесија, односно за **премин од систем на концесии во систем на дозволи.** Меѓуресорската работна група формирана за оваа цел ја дефинираше методологијата и условите за усогласување на договорите, по што Советот за радиодифузија ја започна постапката на усогласување, што треба да се спроведе најдоцна до крајот на мај 2007 година.

Дел од започнатите активности на Советот во 2006 година својата финализација ќе ја имаат во текот на 2007, при што ќе бидат запазани сите законски утврдени рокови.

---

[1] Извештај за напредокот на РМ за 2006 година, стр.34 (COM (2006) 469 Final)

## 2. ИЗБОР НА НОВ СОСТАВ НА СОВЕТОТ ЗА РАДИОДИФУЗИЈА

Согласно одредбите од Законот за радиодифузната дејност, Собранието на Република Македонија спроведе постапка за избор на нов состав на Советот за радиодифузија. Членовите на Советот беа предложени од овластените предлагачи утврдени со членовите 26, 27 и 28 од Законот: Интеруниверзитетската конференција на РМ, Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на РМ, Македонската академија на науките и уметностите и мнозинското Здружение на новинарите на РМ. Од предложените кандидати, седуммина беа избрани на собраниската седница одржана на 18 април, а двајца на седницата одржана на 23 мај 2006 година.

Избрани се следните членови: проф. д-р Томе Груевски, проф. д-р Али Алиу, Зоран Стефаноски, Илир Ајдини, Панче Наумов, Фарук Омерагиќ, Милован Стефановски, Мирче Адамчевски и Иван Андреевски. На конститутивната седница на Советот што беше одржана на 27 април 2006 година за претседател на Советот беше избран Мирче Адамчевски, а за заменик на претседателот Илир Ајдини.

## 3. УСОГЛАСУВАЊЕ НА ДОГОВОРИТЕ ЗА КОНЦЕСИЈА ЗА ВРШЕЊЕ РАДИОДИФУЗНА ДЕЈНОСТ

Со донесувањето и влегувањето во сила на Законот за радиодифузната дејност (Сл. Весник на РМ бр.100/05), се напушти режимот на концесии во радиодифузната дејност и се премина на режим на дозволи. Согласно постојното законско решение дозволите за вршење радиодифузна дејност ги издава Советот за радиодифузија врз основа на транспарентно спроведена конкурсна постапка.

Согласно членот 172 од Законот, постојните договори за концесија кои се склучени согласно Законот за радиодифузната дејност од 1997 година (Сл. Весник на РМ бр.20/97 и 70/03) меѓу Владата на Република Македонија како концедент, потребно е да се усогласат со одредбите од Законот за радиодифузната дејност (Сл. Весник на РМ бр.100/05) во рок од 18 месеци од денот на неговото влегување во сила, односно најдоцна до 29 мај 2007 година.

Советот за радиодифузија, на почетокот на 2006 година, ја иницираше постапката за усогласување на постојните договори за концесија со тоа што го започна процесот на дефинирање на нацрт-образецот на Дозволата за вршење радиодифузна дејност со којашто се уредува природата на програмскиот сервис, начинот и условите за вршење на дејноста за која е дадена дозволата и односите меѓу Советот за радиодифузија и радиодифузерот во врска со начинот на вршење на дејноста.

Во дефинирањето на конечниот облик на Дозволата за вршење радиодифузна дејност, Советот доби помош од експерт ангажиран преку Советот на Европа. Имено, во периодот од 20 до 23 февруари 2006 година, во Советот за радиодифузија престојуваше г-дин Дирк Ауденарден, координатор на Секторот за радиодифузери и кабелски оператори од Комесаријатот за медиуми на Холандија. Во текот на четири дена, беа остварени интензивни консултации во рамките на подготовките на текстот на Дозволата за вршење радиодифузна дејност, која ќе се употреби во процесот на усогласувањето на постојните договори за концесија. Експертот од Холандија активно учествуваше и на средбата со претставници на националните комерцијални радиодифузери и

АПЕММ, како и на состанокот со претставници на ОБСЕ и на Центарот за развој на медиуми.

Во втората половина од 2006-та година, Советот за радиодифузија продолжи со активностите за усогласување на постојните договори за концесија кои се склучени согласно Законот за радиодифузната дејност ("Сл. весник на РМ" бр. 20/97 и 70/03), со цел да се обезбеди премин од концесии во дозволи на транспарентен начин. За таа цел Советот, како носител на постапката за усогласување на договорите, донесе заклучок процесот на усогласувањето да се спроведе преку формирање меѓуресорска работна група составена од претставници на Министерството за транспорт и врски, Министерството за економија, Министерството за финансии, Агенцијата за електронски комуникации, Секретаријатот за законодавство и претставници на АПЕММ. Работната група имаше задача да ја дефинира методологијата и условите за усогласување на договорите, по што Советот треба да го спроведе процесот на усогласување на договорите. За преземените активности, Советот ја извести и Владата на РМ како концедент.

До крајот на 2006 година, како период опфатен со Извештајот, работната група започна со својата работа, дефинирајќи ги основните законски претпоставки врз кои треба да се спроведе усогласувањето на постојните договори за концесија со одредбите од Законот за радиодифузната дејност.

## 4. СТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ НА РАДИОДИФУЗНАТА ДЕЈНОСТ

### *Цели и содржина на Стратегијата*

Врз основа на членот 22 од Законот за радиодифузната дејност, Советот за радиодифузија е обврзан да изработи Стратегија за развој на радиодифузната дејност во соработка со надлежните институции од областа на радиодифузијата, електронските комуникации и информатичкото општество, а имајќи ги предвид и мислењата и ставовите на невладините организации и другите субјекти во дејноста. Крајниот рок за донесување на Стратегијата е 29 ноември 2007 година.

Основната цел на овој документ е идниот развој на радиодифузијата да се насочи кон задоволување на интересите и потребите на публиката. Основните приоритети на Стратегијата ќе бидат: развој на медиумскиот плурализам и на разновидноста на програмите, поддршка на квалитетот и иновативноста во програмите, промовирањето на националната култура, но и на европските културни вредности, почитувањето на авторските права, поттикнување на транспарентноста на медиумите, развој на конкуренцијата врз фер основа, развој и имплементација на новите технологии, усогласувањето со европската легислатива и тн.

Идејата е да се воспостави ефикасен радиодифузен систем, во кој ќе се создадат еднакви услови за функционирање на трите сегмента: јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и непрофитните радиодифузери. Постоењето квалитетен и силен јавен радиодифузен сервис, која има институционална автономија и целосна уредувачка независност ќе биде прв приоритет на Стратегијата. Истовремено, Стратегијата треба да предвиди и ефикасни механизми приватните радиодифузни медиуми да се развиваат врз комерцијална основа, но истовремено да останат независни од каков било облик на влијание, со цел да бидат активни чинители на вкупниот демократски амбиент. За збогатувањето на вкупната програмска понуда и за задоволување на потребите и на малите сегменти на публиката, битно е со

Стратегијата да се овозможи и простор за развој на третиот - непрофитен сектор во радиодифузијата.

Стратегијата треба да го предвиди темпото на технолошкиот развој во областа на радиодифузијата, телекомуникациите и информатичките технологии и да ги дефинира прашањата што произлегуваат од конвергенцијата на технологиите. Тоа ќе биде можно да се оствари, само доколку се обезбеди баланс меѓу потребите и можностите, како на јавноста и радиодифузерите, така и на другите субјекти и сегменти во општеството.

За да се разработат детално механизмите и мерките за постигнување на вака поставените приоритети, предвидено е најнапред Стратегијата да одговори на следниве задачи:

- да се анализира актуелната состојба во радиодифузијата, во поглед на програмските, технолошките и бизнис аспектите;
- да се дефинираат прашањата од јавен интерес во радиодифузијата на Македонија во поглед на задоволувањето на интересите на публиката, негувањето и заштитата на културниот идентитет, заштитата на малолетниците и др.;
- да се анализира досегашниот развој на законската регулатива од областа на радиодифузијата, потребата од нејзино натамошно усогласување со нацрт-Директивата за аудиовизуелни медиумски сервиси на Европската унија и да се идентификуваат насоките и фазите на развој, согласно предвидените технолошки промени;
- да се направи проекција за натамошниот технолошки развој во радиодифузијата, и да се разработи сценарио за дигитализација на терестријалната радиодифузија, со препораки за сите надлежни институции во ова област.

***Реализирани и планирани активности за изработка на Стратегијата***

Активностите за изработка на Стратегијата, Советот ги започна уште во јуни 2006 година, по изборот на новиот состав на Советот за радиодифузија. Утврдени беа нацрт-концептот и рамката на прашања што ќе бидат опфатени со Стратегијата, беше формирана Работна група со претставници на сите надлежни институции, медиумите, невладините организации и другите субјекти во радиодифузната дејност, а до програмата TAIEX на Европската комисија беше поднесена апликација за странска експертска помош, што резултираше со позитивен одговор од страна на Европската комисија.

Во декември 2006 година, беше реализирана експертска мисија на Арно Декер, директор за истражувања и стратешки развој на Високиот аудиовизуелен совет на Франција. Беа одржани серија работилници со членовите и вработените на Советот, со работната група за изработка на Стратегијата, Македонската радио-телевизија, Македонската радиодифузија, Асоцијацијата на приватните електронски медиуми и со дел од невладините организации. Посебни средби беа остварени и со претставници на Министерството за транспорт и врски, Агенцијата за електронски комуникации и Секретаријатот за европски прашања.

Сите учесници во дебатата за актуелната состојба во медиумскиот сектор ги идентификуваа клучните прашања и приоритети за идниот развој на радиодифузијата во Македонија:

(1) Новиот Закон за радиодифузната дејност, според оценките на Европската комисија, е усогласен со европското законодавство од оваа област, а она што е најприоритетно е неговата ефикасна имплементација;

(2) Законот на Советот за радиодифузија му го дава целосниот легитимитет и сите механизми за ефикасно да ја регулира дејноста и, за таа

цел, неопходно е да се зајакне неговиот институционален и административен капацитет.

(3) Комерцијалниот радиодифузен сектор работи непрофитабилно и се соочува со исклучително големи тешкотии, поради неразвиеното економско опкружување, малиот прилив на средства од реклами, големиот број субјекти на пазарот, нелојалната конкуренција меѓу радиодифузерите, порастот на гледаноста на сервисите што ги нудат кабелските оператори и друго. Поради тоа беше нагласена потребата од рационализација на пазарот, односно од намалување на бројот на субјектите, но и од ефикасна имплементација на законската регулатива особено во поглед на почитувањето на авторските права, на финансиското работење, на нелојалната конкуренција итн.

(4) Финансиската, техничко-технолошката и програмско-продукциската криза во која со години наназад се наоѓа јавниот радиодифузен сервис достигна кулминација, поради тоа што новиот систем на собирање на радиодифузната такса речиси не функционира, а законски предвидените средства од Буџетот само делумно беа обезбедени. За таа цел треба да се преземат итни мерки за воспоставување на ефикасен и стабилен систем на наплата на радиодифузната такса и за обезбедување буџетски средства за сите програмски обврски на МРТ што не треба да се покриваат од радиодифузната такса;

(5) Плурализмот и разновидноста во радиодифузијата се постигнати, но само во квантитативна смисла. Финансиските тешкотии со кои се соочуваат и двата сектора предизвикаа опаѓање на квалитетот на програмите и недостаток на нова и квалитетна домашна продукција, особено кај јавниот сервис кој треба да биде носител на нови и оригинални продукциски зафати. Поради тоа Стратегијата треба да обезбеди натамошен развој на медиумскиот плурализам и на разновидноста, но и поддршка на квалитетот и иновативноста во програмите, заштитата и промовирањето на националната култура, но и на европските културни вредности;

(6) Поради негативниот тренд во економско-финансиското работење на медиумите, нивото на професионализација, наместо да се подигнува, континуирано опаѓа. Новинарите и медиумските професионалци се меѓу најслабо платените, речиси да нема вложувања во нова технологија, во кадровски ресурси и во професионално дообразување;

(7) Сопственичката структура во приватниот сектор има негативно влијае врз независноста на уредувачката политика: сопствениците на медиуми кои поседуваат и големи бизниси или се припадници на политички партии најчесто ги користат своите медиуми за промовирање на својот бизнис или за сопствена политичка промоција;

(8) Во ситуација кога размислуваат за опстанок, ниту јавниот, ниту комерцијалниот сектор не можат да планираат никакви вложувања во развојот на новите технологии. Сепак, за процесот на дигитализација нужно мора да се размислува зашто со тоа се отвораат можностите за технолошка конвергенција меѓу телекомуникациите, информациските технологии и радиофузијата, за рационално искористување на фреквентиот спектар, за понуда на многу нови дополнителни сервиси, но и за економски раст и развој на индустријата;

Врз основа на експертската мисија, утврден е конечниот Концепт, Временската рамка на Стратегијата и методологијата за спроведување на истражувањето на пазарот кое е предвидено во првата фаза на изработката на Стратегијата. Со поддршка на ОБСЕ, на изработката на Стратегијата се ангажирани неколку експерти во следниве сегменти: радиодифузен пазар, плурализам и разновидност на програмите и развој на новите технологии и дигитализација на радиодифузијата. Според утврдената временска рамка, се планира во март и април 2007 година да се спроведат две дополнителни истражувања со кои треба да се обезбедат неопходните податоци за изработка

на Стратегијата: (1) истражување на радиодифузниот пазар и (2) истражување на мислењето и ставовите на публиката за програмите.

Првиот нацрт-текст на Стратегијата треба да биде завршен до крајот на мај, а во првата половина на јуни се планира продолжение на експертската мисија обезбедена преку програмата TAIEX. По сумирањето на резултатите од јавните расправи, се планира текстот на Стратегијата да му биде предаден на Собранието најдоцна до 29 октомври 2007 година, односно еден месец пред законскиот рок.

Конкретен показател за прогресот во изработката на Стратегијата направен од страна на Советот е оценката изнесена од страна на господинот Арно Декер, во извештајот од експертската мисија: "Меѓутоа, каков и да е планот на Владата, изработката на Стратегијата останува клучен елемент, клучен чекор во краткорочната агенда за Македонија. Советот за радиодифузија има и цврста определба и легитимитет да го изработи овој значаен документ... Резултатите од мисијата се добри. ...Широкиот процес на консултации што се одвиваше за време на еднонеделната посета покажа многу добри резултати."

Оваа констатација е содржана и во Извештајот на Европската комисија, за напредокот на Република Македонија за 2006 година, каде се вели: "Законот (за радиодифузната дејност), главно, е усогласен со европските стандарди за медиумите и аудиовизиелното acquis... Потребно е ригорозно спроведување на Законот... Сепак, останува да се усвои национална стратегија за радиодифузија. Подготовките на ова поле се на разумно ниво."

## 5. РАДИОДИФУЗНА РЕГУЛАТИВА

### *Подзаконски акти*

Веднаш по влегувањето во сила на новиот Закон за радиодифузната дејност, Советот усвои посебен План за имплементација на Законот, според кој, како приоритетна активност, беше предвидено да се разработат и усвојат поголем број подзаконски акти со цел да се создадат услови за примена на Законот во праксата.

#### *Одлука за одобрување Листа со настани од големо значење*

Одлуката за одобрување листа на настани од големо значење за Република Македонија, Советот ја усвои на својата осма седница, која се одржа на 7 април 2006 година. Таа е објавена во "Службен весник на РМ" бр. 50/2006 од 17 април 2006 година, а влезе во сила на 18 април 2006 година.

Одлуката претставува операционализација на член 78 од Законот за радиодифузната дејност, кој пропишува дека радиодифузерите од Македонија можат да емитуваат или реемитуваат настани од големо значење, од земјата или од странство, врз основа на ексклузивно право, само доколку со тоа не го ограничуваат правото на поголем дел од населението да ги следи настаните. Со Одлуката се определени настаните од големо значење за Република Македонија, критериумите за емитување на настаните и критериумите за тоа кои радиодифузери се квалификувани да ги емитуваат овие настани.

Листата е составена според критериумите за настани од големо значење на Европската конвенција за прекугранична телевизија, Упатството за примена на член 9а од Конвенцијата и член 78 од Законот. Имајќи ја предвид строгата процедура за изготвување на листата што ја пропишуваат овие

документи, целиот процес од првичните консултации, преку јавната расправа се до донесувањето на Одлуката за одобрување на листата траеше околу три месеци. При изработката на листата важен сегмент беа и сознанијата од искуствата од државите кои веќе имаат вакви листи и, особено, консултациите со повеќе заинтересирани субјекти (квалификувани радиодифузери, организатори на настани - спортски федерации, сојузи и Македонскиот олимписки комитет, иматели на права за спортски настани, Министерството за култура и јавноста).

Следејќи ја вообичаената процедура, Советот испрати известување до Постојаниот комитет за прекугранична телевизија на Советот на Европа, во кое ја образложи целата постапка и побара заемно признавање на Листата од земјите потписнички на Европската конвенција за прекугранична телевизија. За оваа постапка, која е во тек, повеќе детали има во поглавието Активности на Советот за радиодифузија за меѓународно прифаќање на листата со настани од големо значење за Република Македонија.

*Одлука за правилата за рамноправен пристап во медиумското претставување за изборите за пратеници во Собранието на РМ во 2006 година*

Во член 75 од Изборниот законик ("Службен весник на Република Македонија" бр.40/2006), како и во член 80 од Законот за радиодифузната дејност ("Службен весник на Република Македонија" бр.100/2006), е утврдено дека Собранието на Република Македонија, на предлог на Советот за радиодифузија, донесува одлука за правилата за медиумско претставување за време на изборната кампања преку радиодифузери.

Советот, за Парламентарните избори во 2006 година, како впрочем и за сите изборни процеси од 2002 година наваму, навреме ја изготви Одлуката за правилата за рамноправен пристап во медиумското претставување за изборите за пратеници во Собранието на Република Македонија во 2006 година, која Собранието ја донесе на седницата одржана на 22 мај 2006 година.

Повеќе детали за овој акт се изнесени во делот од овој Извештај кој се однесува на Мониторингот на медиумското покривање на Парламентарните избори во 2006 година.

*Упатство за правото на кратко известување*

Со цел да ги операционализира одредбите од членовите 160 и 161 од Законот за радиодифузната дејност ("Службен весник на РМ" бр.100/2005) во кои се определува правото на радиодифузерите да емитуваат кратко известување за сите значајни случувања и настани важни за јавноста и со тоа да и се овозможи на јавноста да го оствари своето право на информирање за настани за кои некој радиодифузер поседува ексклузивни права за емитување, Советот за радиодифузија донесе *Упатство за правото на кратко известување за настани за кои се стекнати ексклузивни права за емитување.*

Со него поконкретно се уредуваат условите за подготвување и за емитување кратко известување од сите значајни случувања и настани важни за јавноста за кои еден радиодифузер има стекнато ексклузивни права. Член 9 од Европската Конвенција за прекугранична телевизија, кој се однесува на пристапот на јавноста до информации, прецизира дека треба да се обезбедат правни мерки за право на кратко известување така што ниту една радиодифузна организација која има ексклузивни права за емитување или реемитување, да не може тоа да го прави на таков начин што значителен дел

од јавноста во една или повеќе држави, би бил лишен од можноста да ги следи настаните на телевизија. Ова особено е поврзано со случувањата од Листата со настани од големо значење за РМ, односно претставува една од правните мерки со кои државата го заштитува правото на јавноста да биде информирана за нив.

Советот за радиодифузија го усвои Упатството на 14-та седница одржана на 9-ти јуни 2006 година. Тоа влезе во сила на 17 јуни 2006 година, а објавено е во "Службен весник на РМ" бр.133/2006 од 21 декември 2006 година.

*Правилник за примена на одредбите поврзани со заштитата и негувањето на културниот идентитет*

Законот за радиодифузната дејност содржи одредби чија цел е заштита и негување на културниот идентитет. Едната од нив предвидува дека радиодифузерите се должни дневно да емитуваат најмалку 30 отсто програма изворно создадена на македонски јазик или на јазиците на немнозинските заедници кои живеат во Република Македонија, а другата ја пропишува обврската тие да обезбедат најмалку 30 отсто од емитуваната вокално-инструментална музика да биде на македонски јазик или на јазикот на етничките заедници кои не се мнозинство во Република Македонија (член 74). Таквите обврски за Јавниот радиодифузен сервис МРТ се поголеми и изнесуваат 40 отсто за изворно создадена програма и 45 отсто за вокално-инструменталната музика (член 124).

Со цел да го пропише начинот на кој ќе се применуваат овие одредби Советот изготви *Правилник за примена на одредбите поврзани со заштитата и негувањето на културниот идентитет.*

Правилникот беше усвоен на 24-та седница, одржана на 17.10.2006 година. Објавен е во „Службен весник на РМ„ бр.113/2006 од 1.11.2006 година, стапи на сила од 1.11.2006 година, а се применува од 1 јануари 2007 година.

На усвојувањето на Правилникот му претходеше подолга јавна расправа по Предлог - правилникот, чиј текст Советот го усвои на седницата одржана на 18 јануари 2006 година.

*Правилник за форматите на радио и на телевизиските програмски сервиси*

Со преминот од режим на концесии кон режим на дозвола за вршење радиодифузна дејност, воведен со новиот Закон за радиодифузната дејност, радиодифузерите ќе плаќаат надоместок за дозволата чиј износ ќе се пресметува со посебна формула. Еден од елементите во неа е коефициентот Кп што се однесува на форматот, односно природата на програмскиот сервис. Со цел да се операционализира членот 60 од Законот, односно да се дефинираат форматите на радио и на телевизиските програмски сервиси и да се определат вредностите на коефициентот Кп за програмските сервиси со општ и специјализиран тип, Советот за радиодифузија создаде *Правилник за форматите на радио и на телевизиските програмски сервиси.*

Во него се утврдува дека форматот на телевизиите, на говорните и на говорно - музичките радија се определува според говорот, при што се тргнува од медиумските функции што претежно ги вршат видовите програми. Форматот на музичките и на музичко - говорните радија се определува според музичките жанрови што ги емитуваат.

Предлог - текстот на Правилникот беше усвоен на седницата одржана на 27 септември 2006 година. Потоа, по веќе вообичаената процедура, тој беше објавен во дневни весници и на ВЕБ страницата на Советот и сите

заинтересирани страни беа повикани да учествуваат во јавната расправа која траеше до 11 октомври 2006 година.

Правилникот е донесен на 25-та седница, одржана на 30.10.2006 година, објавен е во "Службен весник на РМ" бр.113/2006 од 01.11.2006 година, а влезе во сила на 9.11.2006 година. Негово допрецизирање е направено со Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за форматите на радио и телевизиските програмски сервиси, беше усвоен на 28-та седница (4.12.2006 година), објавен во "Службен весник на РМ" бр.130/2006 од 13.12.2006 година и стапи во сила на 21.12.2006 година.

*Правилник за европски аудиовизуелни дела*

Една од новите обврски за Јавниот радиодифузен сервис и трговските радиодифузни друштва што вршат дејност на државно ниво, предвидена со Законот за радиодифузната дејност е во своите програмски сервиси да обезбедат одредено ниво застапеност на европски аудиовизуелни дела. За МРТ таа изнесува најмалку 60 отсто на годишно ниво на секој телевизиски програмски сервис (член 123), а за комерцијалните радиодифузери најмалку 51 отсто од вкупно емитуваната програма во текот на годината (член 73).

Консултирајќи ја регулативата на Европската унија, како и соодветните законски прописи и практики за примена во земјите - членки на Унијата, Советот изготви *Правилник за европски аудиовизуелни дела* во кој го пропиша начинот како да се исполни ова задолжение. За да им се олесни на радиодифузерите, беа изработени и Преглед на земјите чиишто аудиовизуелни дела, според географскиот услов, се квалификуваат како европски и Образецот на известувањето за исполнување на оваа обврска што радиодифузерите треба да го достават до Советот. Со оглед на фактот дека станува збор за обврска која се остварува на годишнио ниво, првиот извештаен период ќе се однесува на 2007 година, односно, радиодифузерите првите извештаи ќе ги достават во почетокот на 2008 година.

Во предлог - форма Правилникот беше усвоен на седницата одржана на 30 октомври 2006 година. Јавната расправа траеше до 15 ноември 2006 година. Со цел да се обезбедат и дополнителни консултации, на 28 ноември 2006 година беше одржан и состанок со претставниците на радиодифузерите на државно ниво и на Асоцијацијата на приватните електронски медиуми на Македонија.

Правилникот е усвоен на 29-та седница на Советот (15.12.2006 година), објавен е во "Службен весник на Република Македонија" бр.133/2006 од 21.12.2006, а се применува од 1.1.2007 година.

*Правилник за заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој*

Правилникот за заштита на малолетната публика од програми кои можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој е документ чија изработка се заснова врз Законот за радиодифузната дејност, но чија содржина е резултат на повеќегодишна работа на Советот. Неговиот историјат почнува од 2000-та година со Трибината "Заштитата на децата и младите од насилството и порнографијата на телевизијата", кога на едно место беа сублимирани низа аспекти важни за поставување на принципите и правилата за класификација на програмата, од аспект на заштитата на малолетната публика. На оваа стартна точка се надоврза изработката на македонскиот систем на сигнализација и предупредување со кој на публиката ќе и се даде неопходна информација за тоа, за каква програма станува збор.

Врз основа на сето тоа, во март 2003 година, Советот усвои Препорака за заштита на малолетниците од содржини што можат штетно да влијаат врз нивниот телесен, умствен или морален развој и Упатство за нејзина примена.

Правилникот претставува операционализација на одредбите од член 71 од Законот за радиодифузната дејност. Со овој член Советот се задолжува да изготви обврзни правила за класификација на програмите на радиодифузерите, предупредувачка сигнализација која треба да се аплицира на програмата и да ги определи периодите во кои треба да се планира емитувањето на содржините со цел да бидат соодветни со очекуваниот состав на публиката. При подготвувањето на овој подзаконски акт, Советот, како регулаторно тело, водеше сметка за редакциската самостојност на радиодифузерите во осмислувањето на програмските шеми, меѓутоа и за својата законска обврска да ги заштитува интересите на граѓаните во оваа сфера.

На седницата одржана на 15 декември 2006 година, беше утврден текстот на Предлог - правилникот и на Коментарите кон Предлог - правилникот во кој се даваат подетални објаснувања.

Јавната расправа траеше до 22 јануари 2007 година која се состоеше од повеќе елементи. Како и вообичаено, текстот беше ставен на увид на јавноста преку објавување во дневните весници и на ВЕБ страницата. На 22 декември, 2006 година, со официјално писмо за текстот на Предлог - правилникот беа побарани и стручни коментари, и тоа од: Институтот за психологија и Институтот за социологија при Филозофскиот факултет, од Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања, од Друштвото на филмските работници, Филмската младина на Македонија, Народниот правобранител на Република Македонија, Советот за грижи и воспитување деца, од "Меѓаши"- Прва детска амбасада во светот, како и од Организацијата на потрошувачите на Македонија.

На 18 јануари 2007 година, Советот, во соработка со невладината организација Ротари клуб - "Камен Мост" - Скопје, и невладината организација "Меѓаши" - Прва детска амбасада во светот, реализираше трибина на тема - "Заштита на малолетната телевизиска публика од програми штетни за нејзиниот нормален психо-физички развој." На Трибината учество земаа повеќе медиуми, институции и организации од Република Македонија, чие дејствување има непосреден општествен интерес во овој домен од радиодифузијата. Трибината беше финален дел од активностите поврзани со јавната расправа, а поради покажаниот интерес на присутните, кој резултираше со мошне позитивна оценка за текстот на Предлог-правилникот, беше заклучено дека е потребно изнесените мислења и ставови да се конкретизираат во форма на писмени предлози до Советот, а јавната расправа да се пролонгира до крајот на јануари, 2007 година.

Правилникот е усвоен на 3-та седница одржана на 09.02.2007 година, а е објавен во "Службен весник на РМ" бр.21/07 од 22 февруари 2007 година. Составен дел на овој документ се и Коментарите кон Правилникот чија цел е да обезбедат усогласеност во сфаќањето и примената на Правилникот.

*Правилник за техничките услови при задолжителното снимање, чување и доставување на емитуваната програма*

Правилникот за техничките услови при задолжителното снимање, чување и доставување на емитуваната програма се однесува на обрската од член 85 од Законот за радиодифузната дејност. Радиодифузерите се должни да водат дневна евиденција на емитуваната програма и да го снимаат излезниот сигнал на својата програма, а снимките од целокупната програма да ги чуваат најмалку 30 дена по емитувањето. Операторите на јавна комуникациска мрежа

пак, се должни излезниот сигнал од својот интерен телевизиски канал да го снимааат целосно и без прекин, а снимките да ги чуваат најмалку 30 дена по емитувањето (член 113).

Со цел да обезбеди јасни правила за начинот на кој радиодифузерите и операторите на јавни комуникациски мрежи ќе ги остварат овие свои обврски, Советот за радиодифузија, изготви Правилник за техничките услови при задолжителното снимање, чување и доставување на емитуваната програма. Предлог - правилникот беше усвоен на седницата одржана на 2 март 2006 година. Тој беше објавен во дневни весници и на ВЕБ страницата на Советот со цел да им се овозможи на сите радиодифузери, институции и здруженија од областа на техниката, граѓаните и другите заинтересирани субјекти да се вклучат во јавната расправа. Тие, своите предлози и забелешки требаше да ги достават најдоцна до 3 април 2006 година.

Конечната верзија на Правилникот Советот ја усвои на 19.05.2006 година. Објавен е во "Службен весник на РМ" бр. 79/2006 од 3 јули 2006 г., а влезе во сила на 3 октомври 2006 г.

*Правилник за основните технички услови, стандарди и параметри за студискиот дел на радиодифузерите*

Правилникот за основните технички услови, стандарди и параметри за студискиот дел на радиодифузерите ги пропишува основните технички услови што радиодифузерите треба да ги обезбедат во работните простории и за уредите/форматите со кои се продуцираат радио и телевизиските програмски сервиси. Тој важи и за продукциските студија кои произведуваат програма во копродукција или по порачка на радиодифузерот и ги утврдува основните просторни услови и опрема што треба да ја поседуваат радиодифузерите, согласно член 48 од Законот за радиодифузната дејност.

Предлог - верзијата на документот, по која се водеше јавна расправа, беше усвоена на седницата одржана на 9 ноември 2006 година. Расправата заврши на 2 декември 2006 година, по што Советот на 29-та седница (15.12.2006 година) го усвои Правилникот. Овој акт е објавен во "Службен весник на РМ" бр.133/2006 (21.12.2006), а влезе во сила на 29 декември 2006 година.

## 6. НАДЗОР ВРЗ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ПРОГРАМСКИТЕ ОБВРСКИ НА РАДИОДИОДИФУЗЕРИТЕ

***Следење на програмските обврски на радиодифузерите утврдени со Законот за радиодифузната дејност***

Во текот на 2006 година, Советот за радиодифузија, во рамките на редовениот мониторинг, констатираше непочитување на повеќе одредби од Законот за радиодифузната дејност.

*Програмски стандарди*

Во однос на програмските стандарди, со редовниот мониторинг констатирани се непочитувања на одредбите кои се однесуваат на: негување и развој на хуманите и моралните вредности на човекот и заштита на приватноста и достоинството на личноста (член 68, став 2, алинеја 2); зачувување и негување на националниот идентитет, јазичната култура и домашното

творештво (член 68, став 2, алинеја 7); емитување програми кои поттикнуваат национална, расна, полова или верска омраза (член 69); поврзување во единствен систем за емитување заедничка програма (член 79); неистакнување на идентификациските знаци на програмите (член 81, став 2) и емитување странски програми непреведени на македонски јазик или на јазиците на заедницата која не е во мнозинство, кога програмата е наменета за таа заедница (член 83, став 1).

Со мониторингот на програмата на РА Рос од јуни 2006 година, утврдено е дека водителот на емисијата "Колку без ич", говорејќи навредливо за изгледот на одредени политичарки и имитирајќи како припадниците на другите заедници што не се во мнозинство се изразуваат на македонски јазик, го прекрши член 68, став 2 алинеи 2 и 3, што претставува непочитување на приватноста и достоинството на личноста и еднаквоста на слободите и правата независно од полот, расата, националното, етничкото и социјалното потекло, политичкото и верското убедување, што е спротивно на принципите врз кои треба да се темелат радио и телевизиските програми. Непочитување на овие одредби е констатирано и на програмата на Радио Клуб ФМ, каде во рамки на емисијата "Имаш слика, гаси тон", водителот, коментирајќи натпревари од Светското првенство во фудбал, користеше навредливи зборови за фудбалерите нарекувајќи ги "ќумбиња", "жабари" итн. Говорот на водителите од двата медиуми содржи елементи што можат да се толкуваат и како поттикнување на национална, верска и полова нетрпеливост што е спротивно на одредбите од член 69 од Законот за радиодифузната дејност.

На програмата на Радио Рос, дополнително беше утврдено дека водителот на емисијата "Легни ми на волејка" употребувајќи скопски сленг и вулгарни зборови, го прекрши програмскиот принцип за негување на јазичната култура што е спротивно на одредбите од член 68, став 2, алинеја 7 од Законот за радиодифузната дејност.

По поплака добиена од Радио Браво од Куманово, дека Радио Сити од истиот град секоја сабота и недела во периодот од 14.00 до 19.00 часот реемитува програма од Спортско радио Канал 4 од Скопје, на 9 декември беше спроведен мониторинг на програмите на двете радиостаници. Беше констатирано дека Радио Сити, во наведениот интервал, ја презема целосно програмата од Радио Канал 4, поврзувајќи се на таков начин 5 часа во единствен систем за емитување заедничка програма, спротивно на одредбите од член 79 од Законот за радиодифузната дејност.

Во повеќе наврати, на програмата на ТВ БТР од Скопје беа констатирани документарни емисии од странска продукција, емитувани изворно на јазикот од земјата од каде потекнуваат, без притоа да бидат преведени на македонски или на ромски јазик, што е спротивно на одредбите од членовите 82 и 83. Беше забележано дека ТВ БТР често емитува документарни емисии од странска продукција, во коишто се говори за животот на Ромите, но притоа тие се емитувани на странски јазик, често титлувани на англиски јазик.

Редовниот мониторинг покажа дека голем дел од радиодифузерите не го истакнуваат знакот за идентификација континуирано за време на емитување на телевизиската програма, односно најмалку еднаш во текот на еден реален час на радио програмата, како што е пропишано во член 81, што резултираше со повеќе укажувања од страна на Советот за корекција на утврдената состојба.

*Заштита на децата и младите*

Во прилог на заштитата на малолетниците од програмски содржини што можат да го загрозат нивниот физички, психички и морален развој, Советот за радиодифузија во текот на 2006 година презеде низа мерки кон

радиодифузерите кај кои беше констатирано непочитување на одредбите од членовите 70 и 71 од Законот.

Така, на програмата на ТВ Крт од Скопје, во два наврати (во март и во септември) беа констатирани големи музички блокови со СМС-пораки што содржат крајно непристоен - вулгарен јазик. Такви СМС-пораки, со мониторингот спроведен во октомври, беа регистрирани и на програмата на ТВ Едо од Скопје.

Во насока на заштита на малолетниците, Советот реагираше до Канал 5 телевизија, поради емитување експлицитни, документарни сцени на насилство во емисијата "Суд". Во овој случај, Советот процени дека периодот на емитувањето на споменатиот контроверзен видео материјал не соодветствува ниту со одредбите од членот 68, став 2 алинеја 2.

Укажување до оваа телевизиска станица беше упатено и по повод емитувањето сцени со сексуален однос како составен дел од хумористичната емисија "К-15", во периоди од денот кога малолетната публика гледа телевизија без родителски надзор, што е спротивно на член 71 од Законот. По повод емитуваните снимки во рамки на емисијата "К-15" до Советот пристигнаа и поплаки од граѓани.

Заштита на малолетниците беше мотивот на Советот и за реакцијата до ТВ А1. Со анализата на нејзината програма во месец јуни, во рамки на централниот телевизиски дневник од 19 часот, е регистриран прилог за родоскврнавење врз три интелектуално попречени малолетни девојчиња од Виница, при што новинарот постапи неетички, откривајќи го идентитетот на злоставуваните деца.

Поради зачестени негативни реакции на гледачи, пред се, загрижени родители на малолетници, поттикнати од маркетиншката провокација на рекламната кампања "Опушти се со Релакс" - која содржи и сцена во која протагонистот без последици скока од висококатница - Советот упати општо укажување до сите телевизиски програмски сервиси да го поместат емитувањето на интегралната верзија од овој рекламен спот во програмите по 21 часот. Усогласувањето на кое укажа Советот, во согласност е со одредбите од член 71 од Законот, и со насоките од "Упатството за категоризација на телевизиските програми" потенцијално штетни за децата, за малолетната и за пречувствителната публика. Во Упатството, се препорачува емитувањето програми кои не се соодветни за гледачи помлади од 12 години, да се помести во периоди кога е присутен родителски надзор, а програмите да не содржат сугестибилни пораки кои можат да предизвикаат некритичка имитација кај одредени делови од публиката кои лесно се идентификуваат со ликовите кои се носители на прикажаното дејствие. Укажувањето резултираше со изземање на сцената со скокање од сите натамошни емитувања на истата реклама.

*Рекламирање, телешопинг, спонзорство*

Прекршувањата на Законот во овој сегмент најчесто се поврзани со лимитите за рекламирање, односно обемот реклами на еден реален час емитувана програма, емитувањето платена политичка програма надвор од изборна кампања, неодвојувањето на рекламите од другиот дел на програмата со оптички или акустички средства и спонзорирањето на програмите.

Со мониторингот на неделната емитувана програма на телевизиските програмски сервиси на државно ниво (ТВ А1, ТВ Канал 5, ТВ Телма и ТВ Сител), спроведен во март, беше констатирано непочитување на законските одредби за спонзорство во повеќе емисии на овие радиодифузери. Неправилностите се во поглед на означувањето на спонзорите, потоа е констатирано дека водителите поттикнуваат на продажба, купување или изнајмување производи или услуги од спонзорот, а е забележано и спонзорство на информативни програми што е

забрането со Законот. Во голем дел од овие програми беше регистрирано и изложување производи на спонзорите, што исто така, е експлицитно забрането со Законот.

Непочитување на одредбите околу обемот реклами на еден реален час емитувана програма беа забележани на ТВ Телма, ТВ Канал 5 и ТВ Орбис од Битола, а рекламите не беа јасно одвоени од другиот дел од програмата кај ТВ Канал 5 и ТВ А1.

Со оглед на тоа дека на голем дел од медиумите беше забележано емитување на платена политичка програма пред да започне изборната кампања за Парламентарните избори 2006 година, до сите радиодифузери беше упатено укажување своето работење да го усогласат согласно одредбите од Законот, односно да ги почитуваат лимитите за рекламирање.

*Програмски сервис без дозвола за емитување*

Со мониторингот, спроведен во октомври, на програмските содржини што Радио Канал 77 ги емитува на фреквенциите преку кои го покрива пелагонискиот регион: 103,2, 104,1 и 106 ФМ беше констатирано дека во периодот од 09.00 до 15.00 часот на две од овие фреквенции (103,2 и 104,1) емитува различен програмски сервис, под името Радио Пела ФМ, што е спротивно на член 41, став 2 каде се вели дека "забрането е вршење радиодифузна дејност без дозвола".

Во текот на мониторингот на Парламентарните избори, беше утврдено дека одредени локални јавни радија емитуваат и телевизиски програмски сервиси, за што немаат дозвола. Станува збор за јавните радиодифузни претпријатија од Кавадарци, Прилеп, Делчево, Куманово, Гевгелија и Кочани.

Во јули е констатирано дека ТВ Зери и Чеграни од с.Чегране емитува телевизиски програмски сервис и покрај тоа што со обновата на концесиските договори во 2005 година, го изгуби правото да врши радиодифузна дејност.

*Пристап до информации - право на кратко известување*

Во рамките на мониторингот на радио и телевизиските програмски сервиси, реализиран во текот на одржувањето на Светското првенство во фудбал во Германија 2006 година, беа констатирани повеќе прекршувања на одредбите од членовите 160 и 161 од Законот, кои се однесуваат на правото на кратко известување од значајни настани, и на Упатството за право на кратко известување за настани за кои се стекнати ексклузивни права, донесено од страна на Советот за радиодифузија.

Прекршувањата се однесуваа главно на несоодветно означување на радиодифузерот од чија програма се користеа извадоците, односно снимките од натпреварите. Само на една ТВ станица (ТВ Спорт 4 од Скопје) беше констатирана злоупотреба на правото на кратко известување, со тоа што беше произведена цела спортска емисија со повеќе кратки известувања за различни спортски натпревари.

***Изречени мерки за непочитување на програмските обврски на радиодифузерите***

За прекршувањата на Законот за радиодифузната дејност ("Сл. весник на РМ", бр.100/05), констатирани со мониторингот на Советот, изречени се вкупно 18 мерки и тоа: 16 писмени опомени и 2 писмени опомени со барање за објавување (Табела 1 и 2).

**Писмена опомена**

Табела 1

| Член од ЗРД | Прекршок | ТРД |
|---|---|---|
| Член 41, став 2 | Емитување различен радио програмски сервис, за кој нема добиено дозвола од Советот за радиодифузија | - ТРД "Радио Канал 77" ДООЕЛ, Штип |
| Член 68, став 2, алинеја 2 и 3<br><br>Член 69 | Непочитување на програмските принципи и достоинството на личноста, еднаквоста на слободите и правата, независно од полот, расата, националното, етникчкото, социјалното потекло, политичкото и верско убедување за зачувување и негување на јазичната култура<br>Поттикнување национална, верска и полова нетрпеливост | - ТРД "Радио Рос" ДОО, Скопје<br>- ТРД "Радио Клуб ФМ" ДОО, Скопје. |
| Член 68, став 2, алинеја 2<br><br>Член 70, став 1 | Непочитување на програмските принципи и достоинството на личноста<br>Емитување на програми кои можат сериозно да го загрозат физичкиот, психичкиот и моралниот развој на децата и младите | - ТРД "А1 Телевизија" ДООЕЛ, Скопје |
| Член 68, став 2, алинеја 7 | Непочитување на програмскиот принцип за зачувување и негување на јазичната култура | - ТРД "Радио Рос" ДОО, Скопје |
| Член 70, став 1 | Емитување програми кои содржат порнографија, прекумерно насилство, или други програми кои можат сериозно да го загрозат физичкиот, психичкиот и моралниот развој на децата и младите | - ТРД "ТВ Крт" ДООЕЛ, Скопје<br>- ТРД "ТВ Едо" ДООЕЛ Скопје. |
| Член 77, став 1 | Емитување програма без уредени авторски и сродни права | - ТРД "Радио Клуб ФМ" ДОО, Скопје |
| Член 79 | Поврзување во единствен систем за емитување без да се извести Советот за радиодифузија | - ТРД "Радио Сити ФМ" ДООЕЛ, Куманово<br>- ТРД "Спортско радио Канал 4" ДООЕЛ, Скопје |
| Член 82, став 1<br><br>Член 83, став 1 | Емитување програма на странски јазик | - ТРД "ТВ БТР Национал" ДООЕЛ, Скопје |
| Член 93, став 3 | Времетраење на рекламирање во текот на еден реален час подолго од дозволените 20% или 12 минути | - ТРД "Телевизија Макпетрол" ДООЕЛ, Скопје<br>- ТРД "ТВ Орбис" ДООЕЛ, Битола |
| Член 97, став 1 | Емитување рекламни блокови кои на крајот не се издвоени со оптички или акустички средства од другите делови на програмата | - ТРД "А1 Телевизија" ДООЕЛ, Скопје<br>- ТРД "Телевизија Канал 5" ДОО, Скопје |
| Член 160, став 2 | Кратки известувања емитувани во програма што според жанровските карактеристики не може да се карактеризира како информативна односно емитувани во спортска емисија | - Друштво за радиодифузија "Спорт 4 ТВ" ДООЕЛ, Скопје |

**Писмени опомени со барање за објавување**

Табела 2

| Член од ЗРД | Прекршок | ТРД |
|---|---|---|
| Член 70, став 1 | Емитување програми кои содржат порнографија, прекумерно насилство, или други програми кои можат сериозно да го загрозат физичкиот, психичкиот и моралниот развој на децата и младите | - ТРД "ТВ Крт" ДООЕЛ, Скопје |
| Член 93, став 3 | Времетрање на рекламирање во текот на еден реален час подолго од дозволените 20% или 12 минути | - ТРД "Телевизија Канал 5" ДОО, Скопје |

*Предлози до Министерството за* култура на РМ
*за спроведување инспекциски надзор над радиодифузерите*

Инспекциски надзор врз спроведувањето на одредбите во поглед на почитувањето на авторското право и сродните праваод Законопт за радиодифузната дејност врши Министерството за култура (член 165). Советот, во случаите кога се сомнева дека е сторена повреда на авторските и сродните права, го информира Министерството од кое бара да спроведе инспекциски надзор (член 37, став 1, точка 6).

Во 2006 година, до Министерството за култура доставени се вкупно 3 предлози за спроведување инспекциски надзор во врска со кршењето на ексклузивните права на МТВ за реемитување на Светското првенство во фудбал 2006-та на територијата на РМ, и тоа за: ТРД "ТВ Алсат" ДООЕЛ, Скопје, ТРД "ТВ Сител" Силекс ДООЕЛ, Скопје ТРД "А1 Телевизија" ДООЕЛ, Скопје.

*Прекршочни постапки кон радиодифузерите*

Увидот во поведените прекршочни постапки и донесените пресуди покажува дека и покрај ажурноста на Советот, за целосно да се ефектуира Законот за радиодифузната дејност, потребна е поактивна улога и на другите надлежни институции кои согласно Законот се задолжени за надзор или спроведување на Законот.

Имено, беше констатирано дека одредени судови при постапувањето најчесто носеа решенија со кои ги отфрлаа барањата на Советот за радиодифузија поради застареност. Притоа, тие воопшто не се впуштаа во решавање на предметите и во утврдување на фактичката состојба, туку поради сопствената неажурност и бавност во постапувањето, придонесуваа да не се постигнува целта на казнувањето, односно се постигнуваше спротивниот ефект - прекршителите се охрабруваа и понатаму да го прекршуваат Законот, имајќи предвид дека казната нема да ги стигне. Имајќи го предвид ова, Советот во повеќе наврати беше иницијатор на работни состаноци, на кои нудеше предлози за соработка во насока на поголема ефикасност при надзорот. Во 2006-та година со дописи се обрати до претседателите на Основен Суд Битола и Основниот Суд Скопје 1 Скопје со цел да укаже на проблемите со кои се соочуваше.

Во текот на извештајниот период поведени се вкупно 25 прекршочни постапки. Од нив, шест се против локални јавни радиодифузни претпријатија, две се против трговски радиодифузни друштва (телевизии) и 17 се против оператори на јавна комуникациска мрежа. Донесени се само 6 пресуди од кои ниту една не се однесува на постапка против радиодифузер.

Поради прекршување на член 41, став 2 од Законот за радиодифузната дејност, односно емитување телевизиски програмски сервис без дозвола за вршење радиодифузна дејност, поведени се прекршочни постапки против следните локалните јавни радиодифузни претпријатија: Работна организација Радио телевизија Кавадарци; Јавно радиодифузно претпријатие на локално ниво Центар за печат радио и телевизија Прилеп; Центар за информирање и издавачка дејност Делчево; Новинско радио информативно издавачка организација - Наш весник Куманово; Јавно радиодифузно претпријатие Радио телевизија Гевгелија; Радио телевизија Кочни, ЦО Кочани.

Прекршочна постапка поради прекршување на истиот член поведена е и против ТРД "ТВ Зери и Чеграни Нафи" ДООЕЛ, село Чегране.

ТРД "ТВ Скај Нет" Манчев ДООЕЛ, Скопје, изврши промена на сопственичка структура без да се извести Советот за радиодифузија, со што го

прекрши член 17, став 1 од Законот за радиодифузната дејност и поради тоа против него е поведена прекршочна постапка против.

***Мониторинг на медиумското покривање на Парламентарните ибори 2006 година***

Со мониторингот на медиумското покривање на изборите за пратеници во Собранието на Република Македонија беа опфатени сите радиодифузери, без оглед колку активно се вклучија во следењето на изборната кампања. Покрај во периодот на изборната кампања, мониторингот на радиодифузерите продолжи и во деновите на изборниот молк, како и за време на прегласувањето во некои изборни единици.

Правна основа на овој процес беа одредбите од Изборниот законик ("Службен весник на Република Македонија" бр.40/2006) и Одлуката за правилата за рамноправен пристап во медиумското претставување на изборите за пратеници во Собранието на Република Македонија во 2006 година ("Сл. весник на РМ" бр.64/2006). Медиумското известување во деновите на изборниот молк се одвиваше согласно со - Упатството за изборен молк, усвоено на седницата на Советот, одржана на 19 мај 2006 година.

***Правила за рамноправен пристап во медиумското претставување за изборите за пратеници во Собранието на Република Македонија***

Собранието на Република Македонија на својата седница на 22 мај 2006 година, по предлог на Советот за радиодифузија ја донесе ЮОдлуката за правилата за рамноправен пристап во медиумското претставување за изборите на пратеници во Собранието на Република Македонијав. При изготвувањето на текстот на Одлуката, во смисла на поширок легислативен контекст и интегрирање европски искуства во овој домен на демократската политичка култура, Советот ги имаше предвид: насоките од Конвенцијата за заштита на човековите права и основни слободи на Советот на Европа, Препораката Р(99)15 на Советот на Европа за мерките што се однесуваат на покривањето на изборните кампањи од страна на медиумите, Декларацијата за слободата на политичка дебата во медиумите на Советот на Европа, Насоките за известување во време на избори во транзиционите демократии на Артикл 19; Експертизите кои беа направени на претходните одлуки за медиумско претставување за време на изборните кампањи, како и искуствата на Советот од следењето на медиумското покривање на претходните изборни кампањи. Беа направени и консултации со ОБСЕ, со Јавниот радиодифузен сервис - МРТ, со АПЕММ - Асоцијацијата на приватните електронски медиуми на Македонија, со невладиниот сектор од областа на радиодифузијата, како и со правни експерти.

Одлуката дефинираше неколку облици на изборно медиумско претставување:

1) информирање за активностите на организаторите на изборна кампања во дневно-информативните емисии;
2) програми што овозможуваат директен пристап на организаторите на изборна кампања до публиката, односно гласачите: бесплатно политичко претставување (законска обврска само за МРТВ, јавниот радиодифузен сервис) и платено политичко рекламирање;
3) посебни информативни емисии, како што се интервјуата, дебатите, дуелите и актуелно-информативните емисии.

Со оглед на тоа дека организаторите на изборната кампања секогаш имаат различни целни групи/публики, односно едни им се обраќаат на гласачите во сите изборни единици, а други само на гласачите во таргетиран дел од

изборните единици, при дефинирањето на рамноправноста во покривањето на изборната кампања Одлуката воспостави разлика помеѓу радиодифузерите на државно и на локално ниво. Оттука, радиодифузерите со програмски сервиси на државно ниво имаа обврска да овозможат рамноправно покривање на изборите во сите облици на медиумско претставување (со исклучок на платеното политичко рекламирање), и тоа преку почитување на принципот на пропорционалност според бројот на утврдени листи на кандидати за пратеници. Обврската, пак, на радиодифузерите со програмски сервиси на локално ниво, беше да овозможат избалансирано покривање на изборите во сите облици на медиумско претставување (со исклучок на платеното политичко рекламирање), така што ќе го почитуваат принципот на еднаквост според утврдените листи на кандидати за пратеници на подрачјето за кое локалниот радиодифузер има концесија за вршење радиодифузна дејност.

За облиците на платено политичко рекламирање, важеше принципот на еднакви можности, што значи - сите организатори на изборна кампања можеа да закупат време за рекламирање под еднакви услови за пристап и за начин на плаќање. Притоа, Одлуката го ограничи времето што може да го закупи еден организатор на изборна кампања на секој реален час, и тоа изнесуваше најмногу шест минути на секој час емитувана програма. Облиците на платено политичко рекламирање беа дозволени исклучиво за трговските радиодифузни друштва, и тие можеа да емитуваат 20 отсто или вкупно 12 минути платено политичко рекламирање на секој реален час. Емитувањето платено политичко рекламирање беше забрането за време на: вести, други дневно-информативни емисии, специјализирани информативни емисии, детски, училишни и образовни емисии, како и за време на директни преноси од: верски, спортски, културни, забавни и други општествени настани.

### *Прекршувања на Законот и Одлуката*

Заклучно, 44 радиодифузери по различни основи ги прекршија обврските утврдени во Одлуката за правилата за рамноправен пристап и на сите им беа изречени мерки. За неизбалансирано покривање на кампањата во вкупната програма на радиодифузерите (член 80 став 2 од Законот за радиодифузната дејност), Советот одлучи да им изрече мерки само на оние радиодифузери во чија програма беше констатирано непочитување на принципите на пропорционалност, односно еднаквост во два и повеќе облици на изборно медиумско претставување (вести, информативна програма, интервјуа, дуели/дебати и бесплатно политичко претставување). За овие медиуми, Советот побара од ДИК да покрене и прекршочни постапки за непочитување на член 75 став 1 од Изборниот законик.

Избалансираноста во медиумското покривање на Парламентарните избори 2006, беше анализирана според два критериума: а) бројот на опфатени организатори на изборна кампања, и б) распределбата на времето меѓу нив. Со оглед на тоа дека различни подносители на листи имаа различен интензитет на организирани активности поврзани со кампањата, (што беше очекувано и за тоа беше дискутирано со медиумите на работилниците пред официјалното започнување на изборната кампања), оценките за рамноправен медиумски пристап беа извлечени на две нивоа: најнапред секој медиум е анализиран сам за себе, а потоа и во споредба со другите медиуми од истиот град и од истата изборна единица. Оттука, за нерамноправен пристап спрема различни политички опции во вестите, се сметаше редакцискиот однос само на оние медиуми кај кои има драстични разлики во отстапеното време меѓу оние организатори на изборна кампања кои имаа сличен интензитет на активности на подрачјето кое медиумите го покриваат со сигнал.

Причините за прекршување на правилата за рамноправен пристап Советот ги лоцираше во: (1) Недоволната информираност на радиодифузерите за суштината на одредбите во Одлуката за рамноправен медиумски пристап, иако Советот организираше повеќе работилници за презентација на правилата, и на сите радиодифузери навремено им ги достави неопходните документи за медиумското покривање на изборната кампања; (2) Уредувачките одлуки на некои од нив да поддржуваат само одредени политички партии и коалиции; и (3) Законските ограничувања за делувањето на Советот, особено во делот на пропишаната постапка за изрекување мерки согласно со Законот за радиодифузната дејност.

Во текот на подготовките и при самата реализација на мониторингот беше остварена соработка со претставници на ОДИХР - Мисијата за набљудување на парламентарните избори на Канцеларијата за демократски институции и човекови права, со ОБСЕ, Државната изборна комисија, Државната комисија за спречување на корупцијата, Државниот завод за ревизија и "Транспарентност - Македонија".

### *Изречени мерки*

Поради прекршувања на Законот за радиодифузната дејност и на Одлуката за правилата за рамноправен пристап во медиумското претставување на изборите за пратеници во Собранието на Република Македонија во 2006 година, Советот изрече вкупно 90 мерки. Од нив, 12 мерки (10 писмени опмени и 2 писмени опомени со барање за објавување) им се изречени на локалните јавни радиодифузни претпријатија (Табела 3 и 4). Две писмени опомени му се изречени на Јавното радиодифузно претпријатие МРТ (Табела 5). На трговските радиодифузни друштва изречени изречени се вкупно: 76 мерки од кои 68 се писмени опомени, а 8 се писмени опомени со барање за објавување (Табела 6 и 7).

**Писмени опомени**
**локални јавни радиодифузни претпријатија** **Табела 3**

| Член | Прекршок | Радиодифузер |
|---|---|---|
| Член 80, став 2 од Законот | Неизбалансирано покривање на изборите | - Јавно радиодифузно претпријатие на локално ниво Центар за печат радио и телевизија Прилеп |
| Член 36, став 1 од Одлуката | Емитување платено политичко рекламирање. | - Радиодифузна работна организација Радио Дебар, ЦО Дебар<br>- Јавно радиодифузно претпријатие на локално ниво Центар за печат радио и телевизија Прилеп<br>- Радиодифузно претпријатие Св.Николе<br>- Јавно радиодифузно претпријатие Радио Ресен<br>- Локална радиостаница Радио Штип<br>- Радиодифузно претпријатие Македонски брод<br>- Работна организација радиостаница Гостивар<br>- Радио телевизија Кочани, ЦО Кочани<br>- Јавно радиодифузно претпријатие радио телевизија Пробиштип |

**Писмени опомени со барање за објавување**
**локални јавни радиодифузни претпријатија** **Табела 4**

| Член | Прекршок | Радиодифузер |
|---|---|---|
| Член 36, став 1 од Одлуката | Емитување платено политичко рекламирање. | - Јавно радиодифузно претпријатие на локално ниво Центар за печат радио и телевизија Прилеп<br>- Радиодифузно претпријатие Св.Николе |

**Писмени опомени**

**Јавен радиодифузен сервис МРТ** **Табела 5**

| Член | Прекршок | Програмски сервис |
|---|---|---|
| Член 80, став 2 од Законот | Неизбалансирано покривање на изборите | - МРТ |
| Член 7 од Одлуката | Учество на организатор на изборна кампања во телевизиска програма што не е поврзана со изборите | - МТВ 2, Програма на албански јазик |

**Писмени опомени**

**трговски радиодифузни друштва (радија и телевизии)** **Табела 6**

| Член | Прекршок | Програмски сервис |
|---|---|---|
| Член 80, став 2 од Законот | Неизбалансирано покривање на изборите | - ТРД "ТВ Шутел" Ќамил, ДООЕЛ, Скопје<br>- ТРД "ТВ Сител Силекс" ДООЕЛ, Скопје<br>- ТРД "ТВ Арт Артан" ДООЕЛ, Тетово<br>- ТРД "ТВ Орбис" ДООЕЛ, Битола<br>- ТРД "Независна ТВ Охрид" ДООЕЛ Охрид<br>- ТРД "Алсат М" ДООЕЛ, Скопје<br>- ТРД "А1 Телевизија" ДООЕЛ, Скопје |
| Член 7 од Одлуката | Учество на организатор на изборна кампања во телевизиски програми што не се поврзани со изборите | - ТРД "А1 Телевизија" ДООЕЛ, Скопје<br>- ТРД "ТВ Дуе Назми" ДООЕЛ, Гостивар<br>- ТРД "ТВ Арт Артан" ДООЕЛ, Тетово<br>- ТРД "ТВ Хана" Мевљам ДООЕЛ Куманово |
| Член 10 од Одлуката<br><br>Член 80, став 4 од Законот | Ги покривал изборите без да донесе сопствени правила за медиумско Претставување на изборите и правилата не ги објавил на своите програми | - ТРД "ТВ Шутел" Ќамил, ДООЕЛ, Скопје<br>- ТРД "ТВ Меди" ДООЕЛ, Битола<br>- ТРД "Алфа Д" ДООЕЛ, Дебар<br>- ТРД "Радио Румели" ДООЕЛ, Гостивар<br>- ТРД "Скај Нет" Манчев ДООЕЛ, Скопје<br>- ТРД "РА Рапи" ДООЕЛ, Велешта<br>- ТРД "ТВ КТВ 41 Делта-М Електроник" ДООЕЛ, Кавадарци |
| Член 23 од Одлуката | Вкупно времетрање на емитуваната платена политичка програма во текот на еден реален час, повеќе од дозволените 12 минути | - ТРД "А1 Телевизија" ДООЕЛ, Скопје<br>- ТРД "ТВ АМАЗОН" ДООЕЛ, Скопје<br>- ТРД "Телевизија Канал 5" ДОО, Скопје<br>- ТРД "Телевизија Макпетрол" ДООЕЛ, Телма<br>- ТРД "ТВ Жупа" ДООЕЛ, Центар Жупа<br>- ТРД "ТВ Калтрина" ДООЕЛ, Струга<br>- ТРД "ТВ БТР Национал" ДООЕЛ, Скопје<br>- ТРД "ТВ Менада" ДООЕЛ, Тетово<br>- ТРД "ТВ Кобра" ДООЕЛ, Радовиш<br>- ТРД "ТВ Арт Артан" ДООЕЛ, Тетово |
| Член 25 од Одлуката | Во рамките на емитуваното платено политичко рекламирање, на еден организатор на изборна кампања отстапено повеќе време од дозволеното (6 минути) | - ТРД "А1 Телевизија" ДООЕЛ, Скопје<br>- ТРД "ТВ Студио Тера"<br>- ТРД "ТВ Миг 21" ДООЕЛ, Гевгелија<br>- ТРД "ТВ Шутел" Ќамил, ДООЕЛ, Скопје<br>- ТРД "ТВ АМАЗОН" ДООЕЛ, Скопје<br>- ТРД "Телевизија Канал 5" ДОО, Скопје<br>- ТРД "ТВ Меди" ДООЕЛ, Битола<br>- ТРД "Алфа Д" ДООЕЛ, Дебар<br>- ТРД "Скај Нет" Манчев ДООЕЛ, Скопје<br>- ТРД "ТВ Ирис" ДОО, Штип<br>- ТРД "ТВ Канал 21" ДООЕЛ, Велес<br>- ТРД "ТВ Дуе Назми" ДООЕЛ, Гостивар<br>- ТРД "ТВ Нова" ДОО, Гевгелија<br>- ТРД "Телевизија Макпетрол" ДООЕЛ, Телма<br>- ТРД "Тв Канал вис" ДОО, Струмица<br>- ТРД "ТВ Жупа" ДООЕЛ, Центар Жупа<br>- ТРД "ТВ Калтрина" ДООЕЛ, Струга<br>- ТРД "ТВ Ера" ДООЕЛ, Скопје<br>- ТРД "ТВ Боем" ДООЕЛ, Кичево<br>- ТРД "ТВ Свет" ДОО, Свети Николе<br>- ТРД "ТВ ВТВ" Тони ДОО, Валандово<br>- ТРД "ТВ БТР Национал" ДООЕЛ, Скопје<br>- ТРД "Радио Пехчево" ДООЕЛ, Пехчево<br>- ТРД "ТВ Арт Артан" ДООЕЛ, Тетово |
| Член 26 од Одлуката | Платено политичко рекламирање емитувано во детски емисии, вести и други дневно информативни емисии, во посебни информативни емисии, училишни и образовни емисии како и за време на директни преноси на верски, спортски, културни, забавни и други настани | - ТРД "Радио мерак 5 фм", Велес<br>- ТРД "Телевизија Канал 5" ДОО, Скопје<br>- ТРД "Скај нет" Манчев, ДООЕЛ, Скопје<br>- ТРД "ТВ Нова" ДОО, Гевгелија<br>- ТРД "ТВ Орбис" ДООЕЛ, Битола |

| | | |
|---|---|---|
| Член 27 од Одлуката | Емитување платено политичко рекламирање без да биде соодветно и видливо означено како "платено политичко рекламирање" во текот на целото времетрање и без да биде издвоено од дугите делови на програмата | - ТРД "Радио мерак 5 фм" Љупчо и Владимир ДОО, Велес<br>- ТРД "ТВ Шутел" Ќамил, ДООЕЛ, Скопје;<br>- ТРД "ТВ Меди" ДООЕЛ, Битола |
| Член 30 од Одлуката | Посебни информативни емисии (интервјуа) користени како платено политичко рекламирање, | - ТРД "ТВ Нова" ДОО, Гевгелија<br>- ТРД "ТВ БТР Национал" ДООЕЛ, Скопје<br>- ТРД "ТВ Кобра" ДООЕЛ, Радовиш<br>- ТРД "ТВ Стар" ДОО, Штип<br>- ТРД "ТВ Орбис" ДООЕЛ, Битола |
| Член 32 од Одлуката | При објавување на резултати од испитување на јавно мислење не се обезбедено доволно информации, не е наведена применетата методологија и не се дадени показатели за големината и структурата на примерокот | - ТРД "ТВ Шутел" Камил, ДООЕЛ, Скопје; |
| Член 33 од Одлуката | Објавување резултати од испитувањето на јавното мислење по 29 јуни 2006 | - ТРД "ТВ Орбис" ДООЕЛ, Битола<br>- ТРД "ТВ Сител Силекс" ДООЕЛ, Скопје |

**Писмени опомени со барање за објавување трговски радиодифузни друштва (радија и телевизии)** Табела 7

| Член | Прекршок | Програмски сервис |
|---|---|---|
| Член 23 од Одлуката | Вкупно времетрање на емитуваната платена политичка програма во текот на еден реален час, повеќе од дозволените 12 минути | - ТРД "Телевизија Канал 5" ДОО, Скопје |
| Член 25 од Одлуката | Во рамките на емитуваното платено политичко рекламирање на еден организатор на изборна кампања отстапено повеќе време од дозволеното (6 минути) | - ТРД "ТВ Миг 21" ДООЕЛ, Гевгелија<br>- ТРД "ТВ АМАЗОН" ДООЕЛ, Скопје<br>- ТРД "Телевизија Канал 5" ДОО, Скопје<br>- ТРД "ТВ Канал 21" ДООЕЛ, Велес<br>- ТРД "ТВ Дуе Назми" ДООЕЛ, Гостивар |
| Член 26 од Одлуката | Платено политичко рекламирање емитувано во детски емисии, вести и други дневно информативни емисии, во посебни информативни емисии, училишни и образовни емисии како и за време на директни преноси на верски, спортски, културни, забавни и други настани | - ТРД "Скај нет" Манчев, ДООЕЛ, Скопје<br>- ТРД "ТВ Нова" ДОО, Гевгелија |

# 7. ЈАВНИ КОМУНИКАЦИСКИ МРЕЖИ

Со донесувањето и влегувањето во сила на Законот за електронските комуникации ("Сл. весник на РМ" бр.13/05), утврдени се нови услови за вршење на дејноста во областа на електронските комуникации во Република Македонија. Со овој Закон, меѓудругото, се напушти системот на концесии во оваа област со што се премина на системот на нотификации, и се укина можноста на определено подрачје да работи само еден оператор на кабелска радио телевизиска мрежа.

Со оглед на тоа, Договорите за концесија склучени согласно со Законот за радиодифузната дејност ("Сл. весник на РМ" бр.20/97 и 70/03) меѓу Владата на Република Македонија и трговските радиодифузни друштва-оператори на кабелска мрежа, согласно член 144 став 3 од Законот за електронските комуникации, беше потребно да се усогласат со одредбите на Законот за електронските комуникации. Имено, станува збор за Договори за концесија за

дистрибуција на радио и телевизиски програми преку кабелска мрежа склучени меѓу Владата на Република Македонија, како концедент, и 65 трговски радиодифузни друштва-оператори на кабелска мрежа, како концесионери, на кои концесиите со кои стекнаа право за изградба и употреба на кабелската мрежа со која вршат дистрибуција на радио и телевизиски програми на соодветно подрачје, им се доделени со Одлуки за доделување концесии за дистрибуција на радио и телевизиски програми преку кабелска мрежа на Владата на РМ објавени во "Сл. весник на РМ" бр.63/01 и "Сл. весник на РМ" бр.19/02. Согласно препораката на Владата на Република Македонија (бр.19-3424/1) донесена на Педесет и петтата седница одржана на 23.09.2005 година, Советот за радиодифузија формираше Меѓуресорска работна група за спроведување на постапката за усогласување на Договорите за концесија за дистрибуција на радио и телевизиски програми преку кабелска мрежа, склучени меѓу Владата на Република Македонија како концедент и трговските радиодифузни друштва-операторите на кабелска мрежа, со одредбите од Законот за електронски комуникации. Меѓуресорската работна група беше составена од претставници од Советот за радиодифузија, Министерството за транспорт и врски, Министерство за економија, Министерството за финансии, Агенцијата за електронски комуникации, Секретаријатот за законодавство и претставници на Стопанската интересна заедница на операторите на кабелска мрежа (СИЗ) "Мк-Нет" Скопје. Советот за радиодифузија ја координираше работата на групата.

По извршената анализа на постојната состојба, имајќи ги предвид одредбите од Законот за електронските комуникации ("Сл. весник на РМ" бр.13/05) со кои се уредува преносот на програмските сервиси преку јавна комуникациска мрежа и одредбата содржана во член 109 од Законот за радиодифузната дејност ("Сл. весник на РМ" бр/100/05, 19/07) според која субјектите кои реемитуваат програмски сервиси преку јавна комуникациска мрежа должни се програмските сервиси да ги регистрират во Советот за радиодифузија како целина во вид на пакети врз основа на потврда за уредени авторски и сродни права издадена од Министерствоо за култура, беше заклучено дека усогласувањето на Договорите за концесија треба да се спроведе на начин со кој ќе се обезбеди континуитет во вршењето на дејноста на трговските радиодифузни друштва-оператори на кабелска мрежа, со премин од систем на концесии во систем на нотификации во определен период.

Во врска со наведеното, а со цел да се усогласат постојните договори за концесија, Владата на Република Македонија врз основа на член 144 став 3 од Законот за електронските комуникации ("Сл. весник на РМ" бр.13/05) донесе Одлука за престанок на важење на одлуките за доделување концесии за дистрибуција на радио и ТВ програми преку кабелска мрежа бр.19-1114/1 од 09.05.2006 година (Сл. Весник на РМ бр.60/06 од 15.05.2006 година) и Заклучок бр.19-1114/1 од 09.05.2006 година. Според донесената одлука, постојните оператори на кабелска мрежа беа должни најдоцна 30 дена од денот на влегувањето во сила на одлуката, односно најдоцна до 25.06.2006 година до Агенцијата за електронски комуникации да достават нотификација согласно членот 28 од Законот за елкетронските комуникации. Со наведениот Заклучок, Владата на Република Макеоднија ги задолжи: Министерството за транспорт и врски и другите надлежни институции започнатите постапки за добивање одобрение за градба и решение за употреба на објект за кабелските мрежи на трговските радиодифузни друштва-оператори на кабелска мрежа да ги завршат најдоцна во рок од шест месеци; Министерството за култура да ја преземе од Советот за радиодифузија комплетната документација во врска со одобрените програмски пакети кои трговските радиодифузни друштва-оператори на кабелска мрежа ги дистрибуираат преку својата кабелска мрежа согласно постојните договори за концесија и да започне со издавањето потврда за